Архивски број: 08-745/6
26-12-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-745/1 од 16.10.2023 година поднесена од [redacted] против Адвокатска комора на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 25.12.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен или општествен статус во областа на правосудство и управа од страна на Адвокатска комора на Република Северна Македонија врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под бр. 08-745/1 од 16.10.2023 година од [redacted] за сторена дискриминација врз основа на општествен статус во областа на правосудство и управа од страна на Адвокатска комора на Република Северна Македонија („**АКРСМ**").

По увид во поднесената претставка, а од причина што истата не ги содржеше потребните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 2 од Законот испрати Барање за доуредување на претставката бр. 08-745/2 од 25.10.2023 година. На подносителот му беше дадено напатствие истата да ја доуреди во насока што ќе наведе факти и околности за пријавениот случај на дискриминација, односно ќе даде објаснување врз што ја темели поднесената претставка.

На ден 1.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено доуредување на претставката заведено под бр. 08-745/3 од страна на подносителот [redacted]

Согласно наводите од претставката, [redacted] на ден 24.8.2023 година поднел Барање за упис во Именикот на адвокати до Адвокатската комора, заведено под бр. 04-601. Постапувајќи по барањето, Комисијата за прием, упис и бришење во имениците и издавање и одземање на лиценца при АКРСМ донела Решение бр. 04-667 од 20.9.2023 година со кое се одбива Барањето за упис во Именикот на адвокати. Во решението било наведено дека Етичкиот совет на АКРСМ врз основа на член 12 од Законот за адвокатура и член 67 од Статутот на АКРСМ сметал дека [redacted] не ги исполнува во целост условите, односно не ужива углед и не е достоен за вршење на адвокатската дејност.

Во оваа насока, подносителот наведува дека при носење на Решението, Комисијата при АКРСМ го применила новиот Закон за адвокатура кој стапил на сила на ден 3.10.2023 година, иако самото решение е донесено на ден 20.9.2023 година кога законот сè уште не бил стапен на сила. Истакнува дека во случајот Комисијата ретроактивно го применила новиот Законот за адвокатура, а требала да го примени претходниот, во кој условот за лицето да ужива углед и е достојно за вршење на

адвокатската дејност не е предвиден. Дополнително, вели дека дури и да се примени новиот закон, условот за углед и достоинство никако не може да се поврзе со осудуваноста на некое лице бидејќи во членот 12 од Законот за адвокатура јасно е предвиден условот во поглед на осудуваноста, односно е предвидено на лицето да не му е изречена ефективна казна затвор од над 6 месеци. Покрај ова, подносителот тврди дека од ниту еден доказ доставен од негова страна во прилог на барањето не може да се утврди дека тој не ужива углед и достоинство.

Смета дека Комисијата при АКРСМ ја има засновано својата одлука на Потврдата од казнена евиденција и Листата од казнена евиденција од Основен суд Струмица, за кои вели дека се во прилог на условот наведен во член 12 од Законот за адвокатура, со оглед на тоа што него никогаш не му била изречена ефективна казна затвор од над шест месеци, туку сите осуди му биле со парична казна или условна осуда.

Дополнително на ова, смета дека условите да ужива углед и достоинство се морални, а не правни норми и дека во Адвокатската комора не може да биде формиран т.н. Етички совет, ниту според Законот за адвокатура, ниту според Статутот на комората.

Исто така тврди дека АКРСМ има сторено и суштествена повреда на постапката бидејќи согласно член 67 од Статутот на АКРСМ, дали едно лице е достојно за вршење на адвокатската дејност, вклучително и од аспект на познавање на адвокатската етика, се сознанија до кои АКРСМ доаѓа врз основа на устен испит кој го спроведува врз кандидатите кои поднеле барање за упис. Наведува дека со спорното Решение не му било дозволено да полага адвокатски испит, а со тоа Комисијата да утврди дали вистински е достоен за вршење на адвокатската дејност.

Како последица на горенаведеното, подносителот вели дека му е нанесена непроценлива штета на неговиот личен, семеен и социјален живот бидејќи сега е невработен, а со добивање на адвокатската лиценца автоматски ќе заснова работен однос.

Како доказ во прилог на претставката беше доставено Решение бр. 04-667 од 20.9.2023 година на Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 28.11.2023 година испрати Известување бр. 08-745/4 за произнесување по наводите од претставката до Адвокатска комора на Република Северна Македонија.

На ден 6.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Адвокатската комора како одговор на претставката.

Во одговорот од Адвокатската комора првенствено известуваат дека подносителот лажно навел во претставката дека нема поведено судска постапка и дека не се обратил до други институции. Имено, информираат дека подносителот за истата правна работа поднел тужба пред Управен суд која со Пресуда У-5 бр. 645/2022 од 20.2.2023 година била одбиена како неоснована. Исто така, подносителот поднел две иницијативи до Уставниот суд и дополнително се обратил до Државниот управен инспекторат на 11.3.2023 година.

Воедно известуваат дека подносителот на претставката е лице кое досега со повеќе правосилни пресуди од Основните судови во Скопје, Струмица и Прилеп е осудуван за кривични дела, меѓу кои ја наведуваат Пресудата К.бр. 504/16 од Основниот суд Струмица со која е огласен за виновен поради тоа што доведувал во заблуда лица преку лажно прикажување на факти дека работи како

адвокат, при што остварувал противправна имотна корист нанесувајќи штета на лицата од кои земал пари.

Во однос на изнесените тврдења од претставката за наводна недозволеност на постоењето на Етички совет при АКРСМ, истакнуваат дека Адвокатската комора ги формира сите органи, тела и комисии за работење на комората согласно Уставот, Законот за адвокатура, Статутот на АКРСМ и други подзаконски акти, а ваквите одредби се имплементирани во сите горенаведени акти од формирањето на Адвокатската комора па сè до денес.

По увид во наводите од претставката и доставените докази, како и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

На ден 24.8.2023 година подносителот на претставката [redacted] поднел Барање за упис во Именикот на адвокати до Адвокатската комора, заведено под бр. 04-601. Постапувајќи по барањето, Комисијата за прием, упис и бришење во имениците и издавање и одземање на лиценца при АКРСМ на ден 13.9.2023 година доставила Барање за мислење до Етичкиот совет на Адвокатската комора.

Етичкиот совет на седница одржана на 20.9.2023 година констатирала дека, видно од Потврдата од казнена евиденција бр. СУ-01-1598/23 од 15.8.2023 година и Листата од казнена евиденција од Основен суд Струмица од 15.8.2023 година, за лицето [redacted] евидентираат изречени правосилни пресуди и тоа:

- Пресуда на Основен суд Прилеп К-256/13 од 5.5.2014 година;
- Пресуда на Основен суд Струмица К-499/16 од 5.5.2017 година;
- Пресуда на Основен суд Прилеп К-293/16 од 1.3.2019 година;
- Пресуда на Основен суд Прилеп К-32/14 од 26.12.2014 година;
- Пресуда на Основен суд Струмица К-479/17 од 14.5.2018 година;
- Пресуда на Основен суд Струмица К.бр.481/12 од 5.4.2013 година и
- Пресуда на Основен суд Струмица К-504/16 од 18.10.2017 година.

Со пресудата на Основен суд Струмица К-504/16 [redacted] бил осуден за виновен за кривично дело „измама" од член 247 став 1 од Кривичниот Законик, со образложение дека истиот лажно прикажувал факти дека работи како адвокат.

Оттука, Етичкиот совет донел Мислење бр. 02-663/1 од 20.9.2023 година со кое утврдил дека лицето [redacted] не ужива углед и не е достоен за вршење на адвокатската дејност.
Согласно изнесените факти и докази, како и врз основа на Мислењето на Етичкиот Совет, Комисијата за прием, упис и бришење од Имениците и издавање и одземање на лиценца на Адвокатската комора утврдила дека [redacted] не ги исполнува условите од член 12 од Законот за адвокатурата и член 67 од Статутот на АКРСМ, па оттука донела Решение бр. 04-667 од 20.9.2023 година со кое го одбила Барањето за упис во Именикот на адвокати.

Во оваа насока, **член 12 од Законот за адвокатурата** предвидува дека:

„Во Именикот на адвокатите може да се запише лице, кое ги исполнува општите услови за засновање на работен однос во органите на државната управа, кое ужива углед и е достојно за вршење на адвокатската дејност и ги исполнува следниве услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија или да е државјанин на држава земја членка на Европската Унија,
- да е деловно способно;

- има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Северна Македонија со завршено четиригодишно високо образование на правни студии VII/1 или со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) или нострифицирана диплома од правен факултет од странство,
- активно да го зборува македонскиот јазик,
- да има положено правосуден испит во Република Северна Македонија,
- со правосилна судска одлука да не е осуден на безусловна казна затвор во траење над шест месеци, како и да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должноста, за време на траење на санкцијата,
- да не е во работен однос,
- да не врши работи кои се неспојливи со адвокатурата,
- да не му престанала функцијата судија, јавен обвинител, државен правобранител или заменик, народен правобранител или заменик, избран или именуван функционер, односно да не му престанал работниот однос како државен службеник, нотар, заменик или помошник нотар, извршител или заменик извршител, со конечна одлука во судска, дисциплинска или друга постапка со која е утврдена одговорност во вршење на функцијата односно службата додека не поминат пет години од конечноста на одлуката и
- да достави доказ за завршена почетна обука при Центарот за едукација на Адвокатската комора.“

Во **Член 67 од Статутот на АКРСМ** е пропишано:
„Врз основа на барањето и прилозите од член 66 од Статутот Комисијата за прием донесува решение за прием.

Пред донесување на одлуката по барањето за прием, Комисијата за прием ќе изврши проверки на пригоден начин на фактите од член 12 од Законот за адвокатура и тоа дали лицето ужива углед, дали е достојно за вршење адвокатска дејност вклучително од аспект на познавање на адвокатската етика регулирана во актите на комората и дали врши работи кои се неспоиви со адвокатурата.

Комисијата на пригоден начин ќе го провери и исполнувањето на условите од член 12 став 1 алинеја 4 од Законот за адвокатура, односно дали лицето активно го зборува македонскиот јазик.

Ако кандидатот не ги исполнува условите од чл. 66 од Статутот и член 12 од Законот за адвокатура, Комисијата за прием донесува решение со кое се одбива барањето за прием.

Против решението со кое се одбива приемот кандидатот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

По жалбата одлучува Управниот одбор.

Против конечното решение на Управниот одбор кандидатот може да поведе управен спор.“

**Член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја содржи дефиницијата на дискриминација:
„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.“

Во овој контекст, Адвокатската комора утврдила дека [redacted] не ги исполнува условите од член 12 од Законот за адвокатурата и член 67 од Статутот на АКРСМ, односно не ужива углед и не е

достоен за вршење на адвокатската дејност, врз основа на седумте правосилни пресуди, меѓу кои и онаа за сторена измама. Поконкретно, Адвокатската комора оценила дека лице кое претходно вршело измама со тоа што доведувал во заблуда други лица преку лажно прикажување на факти дека работи како адвокат, при што остварувал противправна имотна корист нанесувајќи штета на лицата од кои земал пари, не треба да биде впишан во Именикот на адвокати, а со тоа ниту да врши адвокатска дејност.

Во оваа насока, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го зема предвид фактот дека адвокатурата е дефинирана и во членот 53 од Уставот на Република Северна Македонија и во членот 2 од Законот за адвокатура како самостојна и независна <u>јавна служба</u> што обезбедува правна помош и врши <u>јавни овластувања</u>. Адвокатската комора, пак, решава за стекнување на правото на вршење адвокатска дејност и упис во Именикот на адвокатите.

Оттука, земајќи ја предвид законската дефиниција на дискриминација, како и релевантните законски и подзаконски акти врз чија основа било донесено Решението бр. 04-667 од 20.9.2023 година, Комисијата не пронајде факти и околности кои укажуваат на тоа дека Адвокатската комора го ставила [redacted] во понеповолна положба во споредба со други кандидати за упис во Адвокатскиот именик, односно дека пружила нееднаков третман врз некоја дискриминаторска основа.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација од страна на Адвокатската комора на Република Северна Македонија врз [redacted]

Скопје
26.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Адвокатска Комора на Република Северна Македонија, ул. Методија Шаторов Шарло бр.1, локал 15, 1000 Скопје